РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09 - 1336/2
25-11-2020 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 41-тата седница, одржана на ден 11.11.2020 година донесе

## Одлука

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-1336/1 од 24.02.2020 година, доставена од Политичка партија -----------, СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија нема основ за постапување по предметот со број 09-1336/1 од 24.02.2020 година, бидејќи лицето ------------, прва братучетка на сопругот на директорката на ОУ „----------, --------------, не спаѓа во групата „блиски лица", регулирана во член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-1336/1 од 24.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-1336/1 од 24.02.2020 година е оформен врз основа на пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, од Политичка партија -------------. Во пријавата искажани се наводи дека директорката на ОУ „--------------, ----------------, на ден 04.09.2019 и 10.01.2020 година, во состојба на судир на интереси, донела одлука за избор и вработување на „блиско лице". Имено кандидатот --------------- која е прва братучетка на сопругот на директорката на ОУ --------------, -------------, е вработена е во ОУ ----------".

По разгледување на пријавата, Државната комисија констатираше дека посоченото лице, прва братучетка на сопругот на директорката на ОУ „-------------, --------------, не спаѓа во групата „блиски лица", дефинирани во член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој:

*(1) Под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.*

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Катедрата за семејно и наследно право при Правен факултет „Јустинијан први“ Скопје, издаде мислење дека сродството по сватовство настанува со склучување на брак, со што се заснова правната врска помеѓу едниот брачен другар и крвните роднини на другиот брачен другар. Согласно Законот за семејството, во кругот на роднини по сватовство влегуваат мал број лица. Кога станува збор на роднини по сватовство во втор степен во права линија постои помеѓу едниот брачен партнер и дедото и бабата на неговиот брачен партнер, како и внуците на неговиот брачен другар. Во странична линија во втор степен на сродство по сватовство се браќата и сестрите на брачниот другар.

Согласно вака даденото мислење, прва братучетка на сопругот на службеното лице не влегува во категоријата роднини по сватовство до втор степен, односно не претставува „блиско лице“ и во конкретниот случај не постои судир на интереси поради што, Државната комисија нема надлежност да постапува по предметот со број 09-1336/1 од 24.02.2020 година.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup
Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје

По заклучок на ДКСК
Изработил: С.М, Виш соработник ________
Одобрил: К.Н., Член ________